Врз основа на склучениот Меморандум за соработка потпишан помеѓу Универзитетот Св. Кирил и Методиј и ОКТА АД - Скопје, на 23.08.2019 година, Природно – математички факултет – Институт за хемија во Скопје распишува

**ОГЛАС**
**за доделување две стипендии на студенти од втор циклус студии**

ОКТА АД-Скопје, (во натамошниот текст: ОКТА) во учебната 2019/2020 година доделува <u>две</u> стипендии за студентитезапишани на втор циклус студии на Природно – математички факултет – Институт за хемија во Скопје, на следните студиски програми:

- Применета хемија
- Аналитичка биохемија

**I. УСЛОВИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТИПЕНДИЈА:**

Право на стипендија има кандидатот кој ги исполнува следните услови:

1. Да има завршено прв циклус студии на Природно – математички факултет – Институт за хемија во Скопје во траење од 8 семестри, со постигнат просечен успех од најмалку 8,00;
2. Да поседува сертификат, како доказ за активно познавање англиски јазик;
3. Да не е корисник на стипендија од други даватели;
4. Да е државјанин на Република Северна Македонија;
5. Предност ќе имаат кандидати кои не се во редовен работен однос.

**II. ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ:**

1. Пријава (формулар достапен на интернет страната на Факултетот);
2. Копија од диплома/уверение за завршени академски студии од првциклус и уверение за постигнат успех;
3. Уверение-потврда за активно познавање англиски јазик;
4. CV на македонски јазик.

**III. ВИСИНА НА СТИПЕНДИЈА:**

Стипендијата ги покрива трошоците за школарина во учебната 2019/2020 година во висина од 1.500 евра.

**IV. НАЧИН И РОК НА ПРИЈАВУВАЊЕ**

Крајниот рок за пријавување на кандидатите за користење наакадемската стипендија за студии од втор циклус е 30.09.2019 година.Документите може да се достават во архивата на Факултетот или попошта на адреса: Природно – математички факултет – Институт за хемија во Скопје, ул. Архимедова бр.3, Скопје.

Кандидатот ќе биде избран од страна на Комисија составена одпретставници на ОКТА и претставници од Факултетот, а за кандидатите кои ќе влезат во потесен круг ќе биде организирано интервју.